Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр.11-4645/4

Дата:11.11.2025 година
Кавадарци
Република
Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито бб
1430 Кавадарци,
Република
Северна Македонија

Тел. 043/ 416-130
Факс043/416-130
e-mail:opshtina@kavadarci.gov.mk

Градоначалникот на Општина Кавадарци, решавајќи по барањето од Друштво за трговија на мало и проектирање „АРХИКОНС“ Јован ДООЕЛ Кавадарци со број 128/25 од 22.07.2025 година, ополномоштено од Трајков Гичо за одобрување на Планска Програма за изработка на Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од Блок 10.6 „Февруарски Поход“ – Праведничка КО Кавадарци, Општина Кавадарци со тех.бр.04-07/2025 од Јули 2025 година, поднесено преку информацискиот систем е – урбанизам постапка број 73558, заведено во архивата на општината со арх.бр.11-4645/1 од 21.08.2025 година, врз основа на член 44 став (7) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), а во врска со член 87 став (1) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/15), го донесува следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА **Планска програма за изработка на Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од Блок 10.6, „Февруарски поход - Праведничка“, КО Кавадарци, Општина Кавадарци,** изработена од Друштво за трговија на мало и проектирање „АРХИКОНС“ Јован ДООЕЛ Кавадарци со технички број 04-07/2025 од Јули 2025 година.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштво за трговија на мало и проектирање „АРХИКОНС“ Јован ДООЕЛ Кавадарци изработи и достави барање за одобрување на **Планска програма за изработка на Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од Блок 10.6, „Февруарски поход - Праведничка“, КО Кавадарци, Општина Кавадарци.**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Кавадарци со Решение бр.11-6294/1 од 18.10.2023 година по извршениот увид во пропратната документација и изработената Планска програма, констатира дека истата може да се одобри и тоа го потврди со Предлог за одобрување бр.11-4645/3 од 31.10.2025 година.

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр.11-4645/4

Дата:11.11.2025 година
Кавадарци
Република
Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6б
1430 Кавадарци,
Република
Северна Македонија

Тел. 043/ 416-130
Факс043/416-130
e-mail:opshtina@kavadarci.gov.mk

Во прилог на постапката се приложени:

1. Полномошно од инвеститорот Трајков Гичо, да ја потпишува проектната документација, како и останата документација која ќе биде потребна во постапката за донесување на планот ДУП за УЕ 10, дел од Блок 10.6, Февруарски Поход-Праведничка, КО Кавадарци, заверено на нотар Пане Нацев со потврда број УЗП 361/2025 од 03.02.2025 година;
2. Планска програма за изработка на **Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од Блок 10.6, „Февруарски поход - Праведничка", КО Кавадарци, Општина Кавадарци** со тех.бр. 04-07/2025 од Јули 2025 година, изработена од **Друштво за трговија на мало и проектирање „АРХИКОНС" Јован ДООЕЛ Кавадарци**
3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени - за ажурирана геодетска подлога со висинска претстава,изработен од Трговско друштво за геодетски работи „ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР" ДООЕЛ Кавадарци со бр.0805-445 од 22.07.2025 година и потврда за заверка на геодетски елаборат од Агенција за катастар на недвижности, бр.1110-28/2025 од 22.07.2025 година.

Општина Кавадарци по разгледување на доставената документација и Предлогот за одобрување бр.11-4645/3 од 31.10.2025 година на Планската програма од Комисија за урбанизам, констатира дека се исполнети условите од член 44 и член 25 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25).

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**д-р Митко Јанчев**